## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да ги завземат своите места.

Ги молам службите да го достават бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Продолжуваме со работа по Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Оливер Шандевски, Љубчо Георгиевски, Даниел Дончев, Андреј Жерновски, Стојан Андов, Зоран Витанов, Абдулади Вејсели, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Верица Филипова и Даут Реџепи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присутни се 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

За процедурално се јави господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Почитувани пратеници, навистина не можам да сфатам дека вчера ни се кажа дека на време ќе се информираме за продолжувањето на седницата, кога се прекина, за да денеска во 9,30 часот собраниските служби ми се јавуваат кај мене да ги известам пратениците дека треба да учествуваме на седница.

Јас мислам дека не сме во вонредна состојба на овој начин да ни се наметнува одржувањето на оваа седница.

Ние поради ова, како парламентарна група не сме комплетни на оваа седница, бидејќи јас успеав наутро со неколку пратеници да воспоставам контакт. Синиќа не успеав да воспоставам контакт, бидејќи секој од нив сигурно има свој ангажман и приватни работи.

Имено, поради ова велам дека не е добро на овој начин да ни се наметнуваат одржување на пленарни седници, но седниците треба да имаат нормален тек.

Ние не сме во вонредна состојба да го наметнеме овој начин на работа.

Исто така, експозето на госпоѓата министер го примивме денес со задоцнување, што значи и експозето треба да ни се достави навреме.

Имајќи ги предвид сите овие околности, ние бараме, најнапрет да се комплетираме како парламентарна група, што значи пратениците кои не се присутни да можат да дојдат и истовремено, треба да го земеме стенограмот секој пратеник да го прочита експозето на госпоѓата министер, бидејќи реков како пратеници треба да работиме во нормални услови, а не во ненеормални услови.

Затоа, знам дека со Деловникот имаме право да побараме еден час пауза. Ние бараме два часа пауза, поради создадените околности. Тоа го велам од името на мојата парламентарна група. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Вашата процедурална интервенција покажува дека сте делумно во право. Јас ги уважувам вашите аргументи, но за жал ќе го прекршиме Деловникот, ако ви дадам повеќе од еден час пауза.

Според тоа, предлагам еден час пауза.

(По паузата, седницата продолжи во 12,8 минути).

Пратениците нека си ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Процедурално има збор господинот Џевад Адеми.

Повелете господине Адеми.

**Џевад Адеми:** Ќе се обидам да бидам што поконкретен и многу краток ќе бидам. Министерката вчера во излагањето меѓу другото кажа...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам господине Адеми баравте процедурално. Ако барате да говорите ...

**Џевад Адеми:** Во врска со излагањето.

Овие неколку дена постојано сите се повикуваме на Деловникот на Собранието на Република Македонија. Ќе ве замолам, да го прочитаме сите заедно членот 160. Предлогот на законот се поднесува во форма во која се донесува законот во рок од 60 дена од денот на усвојувањето на Предлогот за донесување на закон, односно нацртот на законот.

Морам да напомнам дека во излагањето меѓу другото стои; Собранието на Република Македонија на својата 111 седница одржана на 26 и 28.10.2005 годинаго разгледа и го усвои Предлогот за донесување на закон за полиција. Од октомври 2005 до октомври 2006 година поминаа неколку пати повеќе од 60 дена. Заради тоа, ние и вчера доставивме конкретен предлог до претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски. Овој закон во оваа форма, како што е поднесен до Собранието, да биде во прва фаза. За да се случи ова бараме и предлагаме од предлагачот да го повлече законот, затоа што ќе имаме спор пред Уставниот суд, бидејќи оваа процедура е противуставна.

**Љубиша Георгиевски:** Строго процедурално, ова прашање го претресувавме уште пред три дена и го претресовме. Тогаш кога се претресуваше ова прашање немавте никакви објекции и забелешки.

Јас прашувам министерката дали го повлекува законот или не. Само таа има право тоа да го направи.

**Гордана Јанкуловска:** Законот не се повлекува.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 7 став 1 и на член 97 став 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Тале Герамитчиоски и Цветанка Иванова поднесоа амандман на член 20 став 3 точка 2 и за додавање нова точка 5-а, по точката 5, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Влатко Сеафимов и Оливер Спасовски поднесоа амандман на член 20 став 3, точка 8 и за додавање нова точка 8-а по точката 8 по кои Владата не се произнела.

**Азис Полпжани:** Сакам да се произнесам по Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** По Деловникот не се произнесувате, туку правите Деловничка интервенција. По Деловник нема за тоа дијалог. Можете да кажете дека не сте задоволни со објаснувањето. Повелете.

**Азис Положани:** Веќе кога сте одлучиле да ми ја затворате устата и ништо да не кажуваме во овој дом, кој што е наш заеднички, тогаш, моето барање е да се придржуваме кон член 162 од Деловникот, каде што се вели дека во текот на претресот по текстот се одлучува за амандманите.

Нашето барање да почнеме со дебата за тоа што изложи министерката и после, според овој член може и сигурно да се одлучува за амандманите. Затоа што, длабоко сме уверени дека нашето размислување во однос на законот кое што не се менува од тогаш кога бевме на валст и кога сме сега, имаме толку јаки аргументи и сакаме да ги изложиме и сите вас да ве натераме да размислувате дека дали вреди оваа фаза на овој закон да се третира како прва фаза и после еден дијалог кој што ќе се отвори меѓу главите чинители да се дојде тука со втората фаза која што ќе го вклучи и ова. Основа има и од тоа што беше кажано како предлог и морална и политичка основа и тоа што не е предлог на оваа Влада. Значи, може многу лесно да се прифати како прва фаза на овој состав и ние сме да отвориме процес на донесување на квалитетен закон, затоа што два три дена тука објаснуваме дека не сме против потребата на донесување на законот за полиција, кое што ќе биде во функција за тоа што неколку пати зборувавме.

Затоа, предлагам да отвориме претрес по тоа што министерката кажа и предлогот на закон како што вели членот 162 во првиот став. Значи и сугерира на седницата на Собранието да се води претрес по текстот на Предлогот на законот. Потоа, вие како мнозинство ако не се согласите, ако не ве убедивме со нашите аргументи дека вреди и така да се размислува и да се постапи, вие ќе продолжите со тоа што вам ви преостанува. Инаку, ќе го сватиме ова како неовозможување простор да се дебатира на опозицијата и на сите тие кои штона друг начин размислуваат. А велам, размислуваме да донесеме добар закон, комплетен закон, во согласност со сите документи на кои се повикува во експозето минситерката, а ние имаме право и можност да оспориме тоа што не е така. Овој закон не е во согласност со сите документи кои што се спомнати, а уште помалку со другите. Затоа бараме бидејки за ова постоеше разбирање. Секогаш се наметнува ваков или таков пристап. Во овој момент ние имаме цврсти аргументи. Да се надеваме дека и пратениците од мнозинството ќе ја сватат нашата намера за донесување на квалитетен закон кој што ќе ги исполни сите побарувања по однос на оваа работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Положани.

Вашата интервенција е недвосмислено деловничка. Меѓутоа, не е логично, нити може да биде целисходно да дискутираме прво за Предлог на законот, а после за амандманите. Од проста причина што во тој случај би го дерогирале институтот амандмани. Ние можеме да дискутираме по комплетен предлог на закон а комплетирањето на Предлогот на законот не може да се изврши пред дискусијата на амандманите. Бидејки ние однапред не знаеме кој амандман Владата ќе го прифати па тој ќе стане член на законот. Кој мандат овде нема да го прифати, па ќе се развие жестока дискусија. Она што покрај ова објаснување е апсолутно релевантно, а друго е што во членот пишува и за амандманите, па тоа вие го толкувате како амандманите на второ место. Не, тоа значи вклучувајки ги амандманите, а она што е битно за слободата, за апсолутната слобода на говорот овде, она што е битно за мојата теза дека никој во овој Парламент никому не сака да ограничи говор е тоа што вие не треба да се исклучувате од сискусијата и за амандманите заради тоа што не се ваши. Можете да учествувате во таа дискусија. Според тоа, ве разбирам, но морате да ме разберете и мене. Полека полека ме вовлекувате во процедурална дискусија, штоја с нема да дозволам без оглед на мојата воља. Јас овде не сум само Љубиша Георгиевски. Јас сум задолжен конечно после три дена процедурални, како што рече некој од печатот, лавиринти да почнеме да разговараме за суштините, зашто суштините на крајот на краиштата се оние кои што ќе го детерминираат и нашиот и животот на нашите граѓани.

Според тоа, ве молам, продолжуваме со амандманската расправа. Кога ќе дојде расправата за законите ве молам говорете, нема ни временско ограничување ни тематско ограничување. Помалку ограничувања никогаш не се беа виделе во овој Парламент.

Според тоа продолжуваме.

**Азис Положани:** Ве молам...

**Љубиша Георгиевски:** Ја уважувам вашата молба, повелете.

**Азис Положани:** Господине претседателе ја образложивте вашата теза врз логично размислување. Јас ве повикувам да го почитуваме Деловникот. Логиката е нешто кој што секој ја толкува од свој агол и од своја гледна точка.

Првиот став на седницата на Собранието се води претрес по текстот на Предлогот на законот, ве молам, рековте и во последната реченица, дека сакате да дискутираме за суштествени работи. Ве повикувам да оставите простор според Деловникот за кој што вие сте надлежни за тоа и ние го правиме. Ништо нема страшно во оваа работа. Ако вие и тоа ни го одземате како право, со тоа директно го прекршувате Деловникот од член 162 точка 1 и правите тоа што сакате. Не само денеска туку и од денеска натаму. Значи се повикувам на Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Во процедурална расправа нема дијалог. Продолжуваме. Пратеникот Есад Рахиќ поднесе амандмани на член 20 став 3 точка 2 и за додавање нова точка 9 по точката 8 и на член 20 став 3 точка 8 и за додавање нова точка 9 по точката 8, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова-Каревска поднесе амандмани ...

**Рафис Алити:** Да се договориме. Почитувајте го Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** За кој Предлог закон ќе дискутираме, кога го немаме. Тој ќе доживее метармофози од амандманите.

**Рафис Алити:** Вие зборувате за стандарди, а не што кажува Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Апсолутно е јасен Деловникот.

**Рафис Алити:** Прочитајте го членот 162 сами.

**Љубиша Георгиевски:** Таму пишува дека се дискутира и за амандманите.

**Рафис Алити:** Не е во ред ова што го правите.

(Пред говорницата се собрани повеќе пратеници од пратеничката група на ДУИ).

**Љубиша Георгиевски:** Јас ве повикувам да ги заземете своите места и да разговараме како луѓе.

**Рафис Алити:** Не.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш продолжуваме. Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандман на член 7 став 3, член 9 став 2 член 10 став 2, член 17 став 5, член 20 став 3 точка 2 и за додавање нова точка 9 по точката (во салата се слуша тропање од група пратениц). Тишина ве молам, по точката 8, член 20 став 3 точка 8, член 22 став 3, член 25 за менување на став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1, (се слуша силно тропање во салата), член 26 став 4, член 33 став 1, член 43 став 3, член 45 став 1, член 60 став 2, член 65 став 3, член 71 став 2, член 81 став 3 и на член 97 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Валентина Божиновска поднесе амандмани на член 47 за бришење на точката 1 и на член 48 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Весна Јаневска поднесе амандмани на член 4 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 9 став 3, член 11 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 16 став 2 точка 1 за додавање нов член 17, а по членот 17 член 18 став 1 за бришење на член 19, член 20 став 3 точка 2 и 8 и за додавање две нови точки 9 и 10 по точката 8, член 22 став 2 точки 1 и 2, член 23 став 2 точки 37 и 38 и за додавање три нови точки по точката 38, член 24 став 2 за менување на точка 2, член 24 став 5, член 24 за додавање нов став 6 по ставот 5, член 25 став 1, член 25 став 2 (се слуша силно тропање), член 26 став 3 за менување на точка 2, член 26 став 4, член 27 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на став 3 за додавање на член 27-а по членот 27, член 26 за бришење на ставот 5, член 46 за менување на став 6, член 50 за додавање нов став 7 по ставот 6, член 60 став 1, член 65 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 97 став 2, член 98 став 2 алинеи 3, 7 и 11, член 105 за бришење на став 1 (тишина во салата), член 110 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 111 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес. (Во салата се слуша силно тропање од група пратеници).

Предлагам пауза од 10 минути.

(По паузата седницата продолжи во 12,32 часот).

(Пратениците од пратеничката група на ДУИ-ПДП и за време на паузата и кога продолжи седницата продолжија да стојат околу говорницата и пред работната маса на претеседателот).

**Љубиша Георгиевски:** Во однос на забелешката која се однесува на членот 162 од Деловникот, ќе ви кажам зошто не може односно зошто е апсурдно да се разговара за Предлог на закон кој не е комплетен, односно да се разговара пред амандманите. Тоа е впрегнување на колата пред коњите. Еве зошто, ќе ви кажам пример. Ако страната А се залага за решение икс во законот, а страната Б се залага за решение игрек во законот, после петчасовна или после петодневна расправа оди амандман кој Владата го прифаќа и тој амандман гласи игрек или ипсилон, се едно. Што станува сега? Ние пет дена сме губеле напразно за содржината на определен член од законот пред да ги слушнеме амандманите што не е ниту практично ниту целисходно, на крајот на краиштата е нелогично. Можам јас да ви објаснам и синтактички, со аргументи од синтаксата на македонскиот јазик и тие аргументи гласат: Во членот пишува дека се дискутира за Предлогот на законот и за амандманите. Ова "и за амандманите" не мора нужно да значи и редење односно квалификација по вредност, односно дека прво се дискутира-се што е во македонскиот јазик запишано прво, не значи и прво по редослед.

Сега, како трето, во прилог на овие мои тврдења, ако ми покажете од денот на постоењето на ова Собрание еден единствен записник во кој се дискутирало прво за Предлог на закон, а потоа за амандмани, јас ви ветувам урби еторби дек ќе го уважам вашето барање. Благодарам.

Повелете сега...

Нема дијалог сега. Ако не сте задоволни, најдете записник, најдете докази.

(Пратеникот Рафис Алити бара процедурално да се искаже).

Дозволете конечно да продолжиме, оти јас ќе продолжам и ако не дозволите.

(Пратеникот Рафис Алити вели: "Ние ќе продолжиме со нашето").

Повелете.

**Рафис Алити:** Господине Георгиевски...

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Рафис Алити уважете го и седнете на своите места во тишина да го ислушаме.

**Рафис Алити:** И овде е добро.

**Љубиша Георгиевски:** Не е добро вака да говорите, не е лично.

**Рафис Алити:** Подобро е вака. Јас зборувам и во нивно име.

**Љубиша Георгиевски:** Добро. Повлете ако сакате баш така.

**Рафис Алити:** Господине Георгиевски, вие говорите за стандарди. Вистина е ова што го велите дека е така, меѓутоа, секогаш кога сме се координирале со поранешните претседатели на Собранието сме се договарале за текот на седницата и кога ќе се договориме за текот на седницата, тогаш може да направиме исклучоци од она што се нарекува Деловник на Собранието.

Ние сега како парламентарна група говориме за Деловникот, а не за договор. Ние немаме договор со вас, тука е дефектот. Доколку вие не соберевте како координатори на парламентарните групи и доколку постигневме договор за текот на седницата така како што предлагате вие, тогаш сигурно дека немаше да се случи ова што се случува во Собранието.

Ќе нагласам уште еднаш, ние како парламентарна група не говориме за стандарди кои се поставуваат со договор меѓу координаторите на парламентарните групи, туку денес бараме да се почитува Деловникот на Собранието, членот 162. Членот 162 нам ни овозможува да расправаме за Предлог-законот, кој што го поднесе Министерството за внатрешни работи.

Уште еднаш ќе ви кажам дека ние бараме да се почитува Деловникот, а не вие политички да ни говорите за логиката. Таа логика ние ја знаеме, меѓутоа, за таа логика што вие ја кажувате треба да постои договор меѓу координаторите на парламентарните групи. Тој договор со вас го немаме. Токму заради тоа седниците течат така како што теат. Благодарам.

И вие консултирајте се со поранешните координатори и ќе видите дали било така како што велам или не.

**Љубиша Георгиевски:** Тешко е да се каже дека седниците течат така како што течат заради мене, а не заради вас.

**Рафис Алити:** Овде има стари пратеници, координатори на пратенички групи и консултирајте ги дали така сме се договарале или не порано. Затоа порано седниците течеле според договорот, а пишува и во Деловникот дека претседателот на Собранието треба да се договори со координаторите на пратеничките групи и потоа седницата да тече според договорот.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи е повеќе од јасно дека вие додека се борите за исправна процедура, на секој чекор ја кршите процедурата, бидејќи јас не смеам да ви ...

**Рафис Алити:** Јас уште еднаш ве повикувам да ги повикате координаторите на пратеничките групи на координација.

**Љубиша Георгиевски:** Не ми упаѓајте во збор.

**Рафис Алити:** Да видиме дали ќе работиме по договор или ќе работиме како што досега ја воспоставивте оваа пракса да се крши Деловникот.

Според нас се повредува деловникот на Собранието и затоа уште еднаш ќе ви кажам да ги повикате координаторите на пратеничките групи. На оваа положба сте нови, ќе видите дали било така како што велам или не.

**Љубиша Георгиевски:** Ништо не ве чинеше на најцивилизиран начин да побарате збор и да речете бараме да ги повикате координаторите на консултации.

**Рафис Алити:** Ние бараме да се почитува Деловникот и немојте да зборувате за нецивилизирано однесување. Ако на тоа се однесува, вие сте први што го прекршувате Деловникот и се однесувате нецивилизирано.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, јас ќе дадам уште една пауза...

**Рафис Алити:** Јас уште еднаш ви сугерирам викнете ги координаторите да се договориме.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе ве повикам, но не вака сега, но ќе дадам пауза откако, прво, ќе ми ветите дека нема да говорите без да добиете збор, што е сериозен прекршок на Деловникот. Сериозен, сериозен.

**Рафис Алити:** Како и вие.

**Љубиша Георгиевски:** Јас можам да говорам кога треба, кога ќе најдам јас за сходно, затоа што во моја ингеренција е тоа и мислам дека не го злоупотребувам многу, а кога го злоупотребувам го користите за одолговлекување на седницата.

**Рафис Алити:** Јас ви давам збор дека секогаш кога ќе го прекршите Деловникот ние ќе бараме процедурално збор. Кога вие ќе го почитувате Деловникот, ние нема да бараме збор

процедурално, бидејќи знаеме да го читаме Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Само што го прекршивте Деловникот, не побаравте збор а почнавте да говорите.

Според тоа, одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот н член 4 за додавање нов став 2 по став 1, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

(Пратениците од пратеничката група на ДУИ-ПДП удираат по површината на работната маса на претседателот и на говорницата. Присутните во салата со слушалки ги следат дискусиите).

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гордана Јанкуловска.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

(Паралелно со дискусијата продолжува и удирањето од страна на пратениците на ДУИ-ПДП, при што во салата се слуша силна врева).

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Весна Јаневска нека повели за збор.

**Весна Јаневска:** Го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен, пратеникот Весна Јаневска го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓата Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Јас ќе ве замолам, со оглед дека се работи за многу сериозна материја како што е Законот за полицијата и гледате дека апсолутно сериозно сме пристапиле кон работата по овој закон и навистина имаме поднесено голем број на амандмани, со кои една единствена цел е да се подобри квалитетот на овој закон и да се надминат некои недобро дефинирани термини и одредби.

За таа цел, ве молам да ми обезбедите услови за работа, затоа што навистина сакаме македонската јавност да слушне за што се залагаме како пратеници и како претставници на пратеничките групи. Имате конкретен предлог, ве молам, навистина сакам да ги образложувам амандманите на кои сум посветила достојно внимание и затоа македонската јавност сакам да слушне за што се залага и како претставник на пратеничката група на Либерално-демократската партија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ги повикувам во Охридската сала на договор сите координатори.

Објавувам пауза.

(Паузата отпочна во 12,43 часот)

(По одржаните консултации во Охридската сала и паузата за ручек седницата продолжи во 15,08 часот. Уште пред претседателот да ја отвори седницата пратениците на ДУИ беа насобрани пред претседателот и околу говорницата и со самото продолжување на седницата почнаа да удираат со што се создаде страшна врева во салата, а што траеше за цело време на работата на седницата.)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, час и половина досега разговаравме.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Дали можеме да продолжиме?

Ја продолжувам седницата.

Има збор пратеникот Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Јас сум должна, уште еднаш, на самиот почеток да ве замолам да ми овозможите да ги бранам амандманите, затоа што навистина овие амандмани не сум ги поднела затоа што имам намера само да се бројат, туку напротив, да придонесам да донесеме еден текст што ќе биде исчистен од сите недоречености и непрецизности.

Очигледно е дека не можете да обезбедите услови за работа какви што доликуваат и какви што треба да ги има секој пратеник кој сака да го искаже својот став и мислење, се направија обиди да се постигне договор, но никој од ваша страна имаше желба да се направи договорот, ниту од страната на пратеничката партија на ДУИ кои понудија некое решение, за вас тоа изгледаше неприфатливо, но јас, во секој случај ќе го бранам својот став и мислење.

На самиот почеток сакам да кажам, со оглед дека имам поднесено 17 амандмани, со исклучок на амандманот 20 кој што, според мене, е од суштинско значење, затоа што се овозможува во Прилеп да функционира сектор за внатрешни работи, што го бараат и граѓаните на Прилеп, за останатите амандмани сакам да нагласам дека во голема мера ќе се подобри текстот на законот и ќе се овозможи полицијата да ја извршува својата функција поефикасно, односно да биде во служба на воспоставување на јавниот ред и мир во државата. Имено, тоа е највисок приоритет и со тоа ќе ги штити темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија,почитувајќи ги човековите права и слободи.

За да не остане сомневање дека своите ставови ги менувам од тоа каде седам во парламентарните клупи, односно дали припаѓам на парламентарното мнозинство или опозицијата, сакам да напомнам дека сите овие амандмани произлегоа од забелешките што сум ги искажала

од претходниот состав по овој закон, како на Комисијата за политички систем, така и на Пленарната седница. Значи, не ги менувам своите ставови, мислења и делувања.

Што се однесува до амандманот на член 7, почитувани пратеници, со него се регулира асистенцијата на полицијата за спроведување на извршна одлука во случај да државниот орган, кога ќе наиде на отпор или тој отпор може да биде предвиден.

Секторот за внатрешни работи, началникот на овој сектор одлучува за начинот на кој што ќе ја даде таа асистенција и тоа, донекаде, можам да го разберам, меѓутоа во ставот 3, конкретно, стои дека "навреме за тоа го известува подносителот на барањето".

Морам да кажам дека овој став не е усогласен со претходниот став, а од друга страна пак, мислам дека зборот "навреме" е неконкретен, непрецизен и необрзувачки. Вака дефинирани работи овозможуваат манипулација понатаму на спроведување на определените одредби и токму поради тоа сум изненадена зошто министерот за внатрешни работи не го прифати овој амандман, се со една единствена цел да понатаму работите останат дефинирани и да не бидат само декларативни.

Би имала уште нешто да додадам, меѓутоа пак ќе нагласам условите се такви и се задржувам само на основните работи со кои што мислам дека ќе бидат доволни парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против гласале 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 3 поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Отворам претрес по амандманот на член 9, став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа и според тоа станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 3 поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата не го прифаќа амандманот, молам кој бара збор?

Има збор госпоѓата Јаневска.

Повелете.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе,

Ќе ми дозволите пред да го образложам амандманот, многу кусо да се обратам до вас и до пратениците.

Бидејќи законот за полиција, сите знаеме е исклучително важен за Република Македонија, за што, во суштина, постои политички консензус, но не постои политички консензус во однос на структурата на законот, сметам дека и во вакви услови треба да продолжиме со работа.

Она што сметам дека не е во ред е она што и вие, а и политичките партии не направија поголем напор за да овозможиме сите заедно соодветна работа во Парламентот.

Со оглед на тоа дека законот ќе стапи на сила после една година, сметам дека навистина е тешко да се менаџира ваква ситуација, но дека тоа одложување од една година нудеше простор во Парламентот политичките партии да дојдат до некаков договор.

Бидејќи не е можно такво нешто и менаџирањето на овој проблем се покажува исклучително тешко, во корист на законот за полиција, што на Македонија и е неопходен и во корист на државата Македонија, јас ќе се откажам од определен број на амандмани, но од овој не, па затоа ве молам да го образложам.

Во членот 9, ставот 3, по зборот "Министерство", се додава зборот "задолжително".

Членот 9, ставот 3 од Предлогот на законот за поллиција ја укажува транспарентноста во работата на полицијата преку изготвување на писмен извештај што се доставува до Владата преку министерот за внатрешни работи. Но, во ставот 3 не е кажана изрично облигаторната форма за објавување на извештајот.

Како толкување, сметаме дека истиот став препорачува да се објави извештајот преку споменатите средства и начини, но во случаи тој да содржи било какви негативности или употербени злоупотреби во работата на полицијата, доставувачот, предвиден во член 9 став 1, неговото необјавување во јавноста може да го оправда или да го брани со разно-разни неможности за користење, на пример на интернет поради недобро изработена интернет страница или дека самиот извештај содржи информации што се високо класифицирани и не би требало да бидат достапни до јавноста, а посебно не преку споменатите средства.

Исто така, треба да се има предвид дека голем број од популацијата не поседува или не е корисник на интернет или пак е неука за пристапот на интернет. На пример, постарата популација во руралните области во нашата земја што нема пристап до интернет, весници или телевизија, глувонемата популација, но исто така и посиромашните слоеви на нашите граѓани, за кои што имањето телевизор или компјутер претставува луксуз, па од таа причина тие и не го поседуваат.

Затоа сметаме дека министерот задолжително треба да го објави извештајот и истиот задолжително треба да биде достапен до целата популација во државата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 8, воздржани нема, против гласале 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 3 поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓата Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Јас, навистина, сметам дека треба македонската јавност да слушне за што се работи и токму поради тоа и овој пат ќе се обидам да го образложам мојот амандман, особено што сметам дека решава една многу чувствителна материја, а од големо значење за граѓаните на Република Македонија.

Имено, со членот 10 се регулира прашањето околку достапноста на информациите што треба да ги даде полицијата. Цитирам:"На барање на граѓаните, државните органи, јавните претпријатија и на други правни лица полицијата им дава информации, податоци и известување за прашањата од својот делокруг за кои тие се непосредно заинтересирани". И, толку.

Понатаму не е регулирано што ако не се испочитува од оваа одредба. Како што реков, ова е едно од основните човекови права, а тоа е правото на пристап до информации, право загарантирано и со членот 6, ставот 3 од највисокиот акт, Уставот на Република Македонија. Но, за жал, иако ова како уставно право постои од 1991 година, се до донесувањето на Законот за слободен пристап до информации, ова право не беше операционализирано и многу малку можеше да го уживаат граѓаните на Република Македонија.

Со Законот за слободен пристап до информации е регулирано што претставува информација, начинот на кој може да се дојде до информација, обврските на имателите на информации, исто така ги регулира и исклучоците, а што е најважно, што ќе се случи при одобрувањето или одбивањето, особено, за дадената барана информација. Со тоа се заштитуваат правата на барателот. Целокупниот овој закон, во него е многу малку водено грижа за човековите права. Значи, со Законот за слободен пристап имаме една јасно регулирана постапка, при што се затвораат сите можности за манипулација од страна на полицијата во однос на барателите на информациите.

Навистина, не знам зошто министерот немаше слух и не го прифати овој амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 11, воздржано 1, против гласале 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 точка 1 поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓата Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Членот 16 од Предлогот на законот за полиција го регулира раководството со Бирото, што е исклучително значајно место во полицијата.

Во тој член бараме, во точката 1 каде пишува дека има завршено соодветно високо образование, на која тема јас зборував и на Комисијата, а таму добив впечаток, мислам на Комисијата за безбедност, добив впечаток дека токму Министерството ќе има разбирање токму за оваа работа.

Ние баравме, во точката 1 да пишува дека "Соодветно високо образование претставува: Полициска академија, Факултет за безбедност, Правен факултет, Одбранбени и мировни студии и Воена академија".

Предлогот за поднесување на овој амандман е мотивиран од причина што во извршување на оваа значајна државна функција неминовно мора

да се дефинира и уреди што се се подразбира под високо образование што точката 1 го налага, а се со цел да се избегнат евентуални несоодветни образованија или несоодветни поставувања на лица со завршено високо несоодветно образование, што воопшто немаат допирна точка до полициската работа и воопшто со јавната безбеност, согласно степенот на нивната стручна подготовка и завршено високо образование.

Имено, вака дадениот предлог со точка 1, кој што вели "соодветно високо образование" а не прецизира кое, може да придонесе до евентуални манипулации со поставување на лица на местото директор на Бирото за јавна безбедност, кои би биле поставени поради различни други цели, на пример по партиски клуч, а се работи за високо стручна функција.

Исто така, вака поставениот член со оваа точка од Предлог-законот е во противречност со точката 2 од истиот член и став кој вели дека треба да се има најмалку 12 години работно искуство во областа: правосудство, јавно обвинителство или во полицијата.

Имено, Полициската академија, помеѓу останатото е соодветен образовен центар што подготвува кадри воопшто за самата полиција и ги образува и подготвува за извршување на работи и задачи од разни специфичности во полицијата.

Правниот факултет како образовна институција исто така е соодветно образование кое коенцидира со втората точка во врска со идниот директор на Бирото за Јавна безбедност, кој вели работното искуство да биде во Обвинителството, Правосудството, или во Полицијата.

Одбранбените и мировни судии, дефентологија, воена академија, образуваат кадри кои согласно потребите за јавна безбедност се многу блиски, или слични за извршување на работи во полицијата.

Поточно, сите овие спомнати образовни институции, даваат поблиска специјалност и подобро познавање на самото работно место за кое сметаме дека идниот директор на јавна безбедност треба да ги има и да ги подведува како стручна наобразба, се со цел, зајакнување и зголемување на јавната безбедност воопшто со сите нејзини подгранки.

Во смисол на се ова што го кажав воврска со директорот на Бирото за јавна безбедност ги молам пратениците уште еднаш да го преиспитаат своето мислење, и со големо разочарување го прифаќам фактот дека министерката го одбива овој амандман.

Станува збор за високо специјализирана стручна работа во одбранбените сили во Република Македонија, односно во полицијата и затоа сметам дека сите кои седат во овие клупи треба да имаат одговорност и по овој амандман да одлучуваат по сопствено видување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи повеќе нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратениците од пратеничката група на ДУИ и ПДП удираат по предмети на работната маса на претседателот и на говорницата)

Гласале 61 пратеник, за гласале 9, воздржан еден, против гласале 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 став 2, точка 1, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Отворам претрес по амандманот на член 17став 5, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Весна Топузова-Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Претседателе, првиот пат не ве опоменав. Очигледно дека и вие сте под притисок, затоа што на работата , на начинот на кој што го водите Парламентот, бидејќи не успевате да воспоставите мир и возможност да работиме, како што треба да го имаат пратениците, меѓутоа, не сум Весна и ве молам, во натамошното обраќање точно да го употребувате моето име.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ви се извинувам, навистина, притисокот е голем. Но сакам да ви кажам дека ова е нивото на гневот во салата постигнато со употреба на сила на аргументот. Поголемо ниво од ова може да се постигне само ако се употреби аргументот на силата. Но, не ми паѓа на памет овој пат. Сакам на сите да порачам дека во оваа сала додека сум јас претседател на Собранието, нема да има интервенции од службите, затоа што длабоко верувам во демократскиот капацитет на сите избрани пратеници во ова Собрание. Ве молам уште еднаш да ме извините.

(Се слуша силно тропање од група пратеници од пратеничката група на ДУИ).

Повелете сега за збор.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе, имено, што се однесува до ова, морам да кажам дека ние сме навикнати, барем претставниците од претходниот парламентарен состав да работиме во вакви услови и тоа подолго време. Исто за нас беше видено одземањето на картичката на претседателот, така да јас ќе продолжам. Верувам дека ова не е ништо ново и не е невидео, како што сакаше да се претстави од некои медиуми, туку е видена работа и затоа, ќе се обидам и понатаму да ги бранам моите амандмани.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете имате збор.

**Роза Топузова-Каревска:** Во членот 17 став 5 се регулира кој го назначува и разрешува началникот на централните полициски служби.

Според овој член тоа го прави министерот од редот на вработените. До тука, се е во ред, но понатаму се среќаваме со еден термин кој што, цитирам, е транспарентна постапка.

Според мене, овој термин апсолутно не значи и остава простор за големи малверзации од страна на министерот, покриен со една декларативна фраза.

Доколку, навистина се сака да се биде транспарентен, ќе мора прецизно да се дефинира начинот на избор.Дали тоа ќе биде јавен оглас, конкурс, или некој друг начин при изборот, тоа веќе требаше да мислат повеќе, оние кои што ни го понудија овој закон, затоа што јас сметам дека само со јасно дефиниран начин и пропишана постапка заснована на јавен оглас или конкурс, преку јасно дефинирани критериуми може да се оценува компетентноста, и стручноста на кандидатите. Единствено тоа претставува транспарентност во постапката. Се друго претставува залажување и декларативна определба.

Би имала уште многу да кажам, но реков дека ќе се задржам само на неколку реченици, кои што сметам дека ќе бидат доволни парламентарното мнозинство да имаат слух и ако има желба навистина да се подобри текстот на законот и се надминат одредени недоречености и непрецизности, сметам дека ќе дадат поддршка и ќе го прифатат со гласање овој амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам госпоѓо Топузова Каревска.

Ве молам најљубезно да ми ја простите грешката што ја направив без да сакам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 11, воздржани еден, против 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 став 5 поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 17-а, по членот 17, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓата Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Со поднесениот амандман сметаме дека се дефинира организационата структура на полицијата , поточно централните полициски служби како нејзин нов сегмент како такви треба да постојат согласно овој закон а истите се влезени во шемата на органограмот на Министерството за внатрешни работи како структура на полицијата. Ние баравме во централните полициски служби да се формираат: канцеларија за односи со јавноста , оддел за заеднички работи со свое одделение и отсеци, оддел за посебни единици со свои одделенија и отсеци, оддел за организиран криминал со свои одделенија и отсеци, оддел за крим техника со свои одделенија и отсеци, оддел за информатика и телекомуникации со свои одделенија и отсеци, оддел за материјално техничко опремување со свои одделенија и отсеци и оддел за граѓански работи со свои одделенија и тосеци.

По членот 17 од овој Предлог закон, недвојбено се истакнува формирање на оддел за организиран криминал, кој како таков веќе функционира согласно органограмот на полицијата и истиот е детално објаснет во самиот член.

Намерата на Владата одела во позитивна насока, кое нешто се гледа и од самата законска опредлеба дека овој оддел спроведува насоки добиени од самиот Јавен обвинител, согласно Законот и истиот оддел добива материјална подршка и подршка за човечки ресурси од секторите за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи.

Потребата за воведување на нов член 17-а произлегува од таму, со сите оддели на централните полициски служби, вклучувајќи го и одделот за организиран криминал и истите функционираат структурално и се објаснети во органограмот на полицијата.

Сметаме дека е потребно такстативно да се набројат кои оддели спаѓаат во централните полициски служби, па потоа да се дефинира што, какви и кои надлежности и која функција ќе ја има одделот за организиран криминал, затоа што по структура и важност ниту повеќе, ниту помалку е важен од другите оддели кои претставуваат составен дел на централните полициски слу би. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски** : Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 7, воздржани нема, против гласале 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 17-а по членот 17, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот. Според тоа, станува составен дел од Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 19, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски** : Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓата Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3, точка 2 и за додавање нова точка 5-а, по точката 5, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчкиоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, амандманот поднесен од моја страна и од страна на колешката Цветанка Иванова, се однесува на членот 20, став 3 во кој што предлагаме по точката 5 да се додаде друга точка , Сектор за внатрешни работи Прилеп, со седиште во Прилеп за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Прилеп, Долнени, Крушево, Криво Гаштани и Македонски Брод.

Доколку внимателно го прочитате текстот во Предлог законот, ќе ги видите критериумите спортед кои што се формирани секторите.

Значи, според тие критериуми еден од најважните е големината на подрачјето. Ако споредиме, станува збор за подрачје од над 2.900 километри квадратни простор. Ако станува збор за население од над 150.000 жители. Ако станува збор за број на кривични дела и прекршоци, верувам дека јавноста е сведок последните 10 дена имаме две брутални убиства во центарот на Прилеп.

Од суштинско значење за безбедноста на Градот Прилеп и неговите жители е да се направи интервенција во Законот и да се направи подобра организација на работите на Министерството за внатрешни работи -Прилеп и спомнатите општини , кои што и досега работеа под Општина Прилеп. Во организациска смисла да останат како полициски сектор.За тоа ме обврзува барањето на голем број граѓани на Прилеп, но исто така одлуката на Советот на Општина Прилеп која што ја достави и до пратениците на Општина Прилеп и до госпоѓата Цветанка Иванова која што потекнува од овој град.

Јас апелирам до колегите пратеници за да се подигне навистина, најлошото безбедносно ниво на Градот Прилеп на територијата на цела Република Македонија и воопшто во историјата на Град Прилеп, да се изгласа овој амандман за доброто на граѓаните на Прилеп и на сите жители од општините кои што ги набројав. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе, мојот колега господинот Тале Герамитчиоски наведе доволно аргументи зошто треба овој амандман да биде изгласан од колегите пратеници. Само ќе дополнам. Ова се однесува на министерката. Прилеп секогаш бил важно безбедносно подрачје, госпоѓо министерке и Прилеп од секогаш, барем ние повозрасните знаеме дека е репер за безбеносната состојба во Република Македонија, А сега за подносителката на листата на изборната единица четири.

Овој Заклучок, кој што е од Советот на Општина Прилеп, а донесен на Предлог на советничката група на СДСМ, требало да го испратат и до подносителната на листата во изборна единица четири, госпоѓата Силвана Бонева, јас не знам зошто не го испратиле, затоа што таа ја доби довербата во Прилеп, затоа што таа освои 19.000 гласови и треба да го искористи своето влијание како координатор на Пратеничката група да влијае кај пратениците да гласаат за овој амандман.

Исто така, се обраќам кон претседавачот, екс-предавачот на Советот на Општина Прилеп, сега пратеникот господинот Верковски, кој што во функција на предавач на Советот на Опшрина Прилеп, во фазата на утврдувањето на потребата за донесување на законот за полиција во претходниот состав на Собранието, се залагал во Прилеп, со законот да се предвиди решение Прилеп да биде сектор со останатите општини.

Очекувам и овие се дополнителни факти, да имаме поддршка како од подносителката на листата на Изборна единица 4, така и од пратеникот Верковски и од сите останати пратеници кои што знаат што значи Прилеп во функција за безбедноста на овој регион и на Република Македонија, имајќи предвид сето она што се случува последниве денови во Прилеп. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 20 пратеници, воздржан еден, против гласале 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 став 3, точка 2 и за додавање нова точка 5-а по точката 5, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Цветанка Иванова.

(Пратениците на Пратеничката група ДУИ-ПДП и понатаму продолжуваат да удираат со предмети по работната маса на претседателот и на говорницата).

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3 точка 2 и за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Повелете госпсоѓо Роза Топузова - Каревска.

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам претседателе.

Јас можам да ве разберам вас, но никако не можам да ја разберам госпоѓата која што треба да ви помага во водењето на седницата од службите. Навистина веќе втор пат барам збор процедурално.

Овој пат има на екранот и затоа треба ве опоменат дека има пријавен пратеник.

Со оглед дека се работи за многу важен амандман и јас имам исто поднесено ваков амандман на овој член што се однесува на Секторот за внатрешни работи - Прилеп. Со намера сум да го образложувам и со многу аргументи да го убедам парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман, особено што и во првата фаза, голем број од пратениците кои седат сега во парламентарното мнозинство, а тогаш биле во опозиција, аргументирано преку стенографските белешки можам да докажам дека се залагале за овој сектор, ќе ги повикам повторно да не си го менуваат мислењето и ставот. Но, со оглед на оваа ситуација, во која навистина е многу тешко да се работи и за да се договориме како понатаму ќе ја продолжиме седницата, од името на Либерално демократската партија барам пауза од половина час.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза од половина час.

**(**Пауза од 15,50 до 16,25 часот)

(Пратениците од Пратеничката група ДУИ - ПДП повторно застануваат пред работната маса на претседателот и околу говорницата и продолжуваат со удирањето со предмети по истите).

Молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Повикајте ги пратениците да влезат во салата и да ги заземат свооите места.

Продолжуваме со работа.

(Во истиот момент пратениците од Пратеничката група ДУИ - ПДП продолжуваат да удираат со предмети по работната маса и по говорницата, со што создаваат врева).

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, гласале 45 пратеници, три пратеници гласале за, воздржани нема, против гласале 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 точка 3 и за додавање нова точка 9 по точката 8, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3 точка 2 и за додавање нова точка 9 по точката 8 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓата Роза Топузова - Каревска.

Повелете

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам претседателе.

Очигледно е дека и после побараната пауза не се успеа да се воспостави односно не успеавте да ни воспоставите ред во Собранието и да работиме во услови како што треба да ги имаат пратениците. Но како што реков, јас ќе бидам упорна и ќе продолжам да го бранам овој амандман, особено што сметам дека е од голема важност за граѓаните од Прилеп. Морам да кажам дека навистина сум изненадена од парламентарното мнозинство кое што немаше слух да да го прифати овој амандман, кој што е од суштествено значење на жителите на овој град, дотолку повеќе сметам дека требаше да се има слух затоа што имаме и едни заклучоци кои што се доставени од Советот на општина Прилеп, каде што се бара Секторот за внатрешни работи во Прилеп и понатаму да остане и да ја врши својата функција.

(Пратениците на Пратеничката група на ДУИ ПДП излегуваат од салата, освен Пратениците Рафис Алити и Фазли Велиу кои останаа да стојат до говорницата).

Во овие заклучоци морам да кажам дека се повикуваат и пратениците од Прилеп да поднесат амандман и токму поради тоа сакам да ги изестам граѓаните на Прилеп дека пратеникот Роза Топузова - Каревска и пратеникот Тале Герамитчиоски имаат поднесено амандман токму за Секторот, истиот да продолжи да ја врши својата функција која ја имаше и до сега. За жал, пратениците од Парламентарното мнозинство немаат поднесено таков амандман и се понатаму што ќе биде кажано од нивна страна е само декларативна заложба.

Особено сум изненадена од колешката Силвана Бонева, за која сметав дека има голем авторитет во својата партија, за жал најверојатно и меѓу пратениците од ДПМНЕ. Не било така, затоа што не успеа да ги убеди во исправноста на овој амандман како носител на листата на изборната единица 4, дотолку повеќе што госпоѓата Силвана Бонева во претходниот мандат се залагаше околу тоа да има Сектор за внатрешни работи во Прилеп, а како прилог ги имаме стенограмите од она што се говорело како на Комисијата за политички систем, така и на пленарната седница на Собранието.

Јас ќе напоменам дека и тогаш и сега го имав истиот став и своето мислење не го менувам, ниту своите ставови без оглед на тоа дали припаѓам на Парламентарното мнозинство или на опозицијата.

Зошто сметам дека е од голема важност Секторот за внатрешни работи - Прилеп да продолжи со својата функција, односно членот 20 да претрпи одредени измени и тука стои дека се формираат осум сектори, но наместо осум сектори да имаме девет сектори.

Во прилог на ова ќе изнесам и некои аргументи, со кои се надевам дека ќе успеам да убедам поголем број на пратеници од Парламентарното мнозинство, онолку колку што е доволно овој амандман да биде изгласан. Имено, Секторот за внатрешни работи - Прилеп во овој момент покрива територија од 2950 $км^2$ . На споменатата територија живее население со вкупен број од 125 илјади жители, од кои само во градот Прилеп живеат околу 75 илјади жители, Крушево опфаќа 13,5 илјади жители - значи општината, потоа Македонски Брод околу 10500 жители. Во моментот овој Сектор работи со следната организациона поставеност. Две одделенија за внатрешни работи во Крушево и Македонски Брод, две полициски станици од општа надлежност, како и четири подрачни полициски станици во населените места Кривогаштани, Тополчани, Ропотово и Витолиште. Покрај ова, овој Сектор има и една станица која е одговорна за безбедноста во сообраќајот.

Би сакала да напоменам дека во исоријата на државноста на Република Македонија ваквата организациона поставеност на Министерството за внатрешни работи во Секторот во Прилеп и со своите одделенија во Македонаски Брод и Крушево од секогаш функционирала. Оваа организациона поставеност не се базирала, барем до сега, врз политички одлуки или лобирања од одредени субјекти, туку едноставно имале предвид сите наведени од мене досега параметри, како и потребата од квалитетно навремено целосно безбедносно покривање на територијата на која досега живее, имајќи ја пред се во вид и безбедноста на населението кое што живее на оваа територија.

Искуствата од минатото говорат дека безбедносната состојба на просторот кој го покрива Секторот за внатрешни работи - Прилеп - секогаш претставува репер за безбедноста на целата територија на Република Македонија. Кај мене се наметнува дилемата дали со оваа сегашна организациона поставеност, која што ни се предлага со овој предлог на закон, според кој, функционираат осум сектори, а сите надлежности од Секторот на Прилеп се префрлуваат во Секторот Битола, кој според точката 2 од овој закон опфаќа една премногу голема територија како по територија така и по бројот на населението, ќе може успешно да се обавува функцијата и со успех да се менаџира безбедносната состојба во градот и околината.

Што се однесува пак до Секторот во Прилеп, кој сега престанува да постои и морам да кажам дека Прилеп се сведува на обична полициска станица, што мислам дека е недолично за еден град кој го има тоа значење како цело време низ историјата на оваа држава, така и во овој момент.

Значи, сметам дека нема да може со успех да се обавува оваа работа, полицијата да ја обавува својата работа како полициска станица, нема да може успешно да се менаџира безбедносната состојба, особено ако се има предвид социјалната состојба на голем број од населението како и големата стапка на невработеност, неповолната демографска структура село-град, како и многу други моменти што негативно се одразуваат на безбедносната состојба во градот и околните места, за што впрочем сме сведоци сите ние, како од настаните што се случуваат, за жал, во овој град до сега, а и во непосредното блиско минато. Ако кон ова се додаде и фактот дека на оваа територија имаме и погранична линија со соседна Република Грција што соодветно бара длабинско обезбедување на просторот, уште поочигледна станува потребата од постоење на сектор за внатрешни работи во Прилеп.

Токму поради тоа, почитувани пратеници, со мојот амандман се предвидува во членот 20, став 3, точка 2 зборовите "Долнени, Крушево, Кривогаштани, Македонски Брод, Пласница и Прилеп" да се бришат, односно да се иземат од Секторот за внатрешни работи Битола и да се додаде нова точка 9 која би гласела:

"Сектор за внатрешни работи Прилеп, со седиште во Прилеп, за вршење на полициските работи на подрачјето на општините Прилеп, Долнени, Крушево, Кривогаштани, Македонски Брод и Пласница". Само вака сметам дека навистина Прилеп и во секторот и во овој сегмент на делувањето на полицијата ќе го има своето место што заслужува да го има во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Деркоски Оливер, дали се јавува за реплика?

Пратеникот Китановски бара збор процедурално.

Повелете.

**Илија Китановски:** Господине претседателе, мојата процедурална забелешка се однесува на говорот на колешката Роза Топузова-Каревска, не е реплика, процедурално е до претседателот на Собранието, во иднина да ги опомените сите

колеги пратеници соодветно да ги ословуваат политичките партии, онака како што се запишани во регистарот.

Името на нашата политичка партија е ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство или скратено ВМРО-ДПМНЕ. Секоја друга кратенка ја сметаме за навредлива. Очекувм од колешката да се извини за ова, а од вас, во иднина да интервенирате процедурално. Благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** Го признавам пропустот.

Деркоски Оливер бара збор процедурално или за реплика?

Добро, за реплика, повелете.

**Деркоски Оливер:** Благодарам претседатреле.

Почитувани колеги пратеници, почитувана министерке,

Се јавувам околу излагањето на госпоѓата Топузова-Каревска во врска со амандманот поднесен на Предлогот на законот и сакам да го искажам мојот став по однос на овој амандман, бидејќи бев прозван и од колешката Цветанка Иванова, а еве сега на некој начин и од колешката Топузова Каревска, сакам да изјавам дека ќе гласам за овој амандман, затоа што сметам аргуjментите што беа приложени беа во целост прифатени и од граѓаните на Прилеп и од моја страна и ќе гласам за овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има Роза Топузова - Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе,

Навистина добро е што со аргументите успеав да го разубедам мојот почитуван колега од Прилеп, меѓутоа мислев дека и сеуште мислам дека неговата заложба ќе беше поткрепена со аргумент доколку поднесеше и амандман. Тогаш немаше да наречам дека само декларативно се залагам за Секторот за внатрешни работи да продолжи да функционира и во Прилеп. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Трајанов Павле.

**Павле Трајанов:** Сакам неколку работи да кажам околу овој амандман што се предлага сега.

Мислам дека некаде уште 1991-1992 година беше направена територијална поделба на управи. Тогаш беа 11 управи. Тие управи беа направени врз основа на бројот на жители, застапеноста на криминалот, прекршоци, поврзаноста на патната мрежа и тн. Не знам од кои причини се раководела Владата, зборувам во поранешниот состав, три управи, практично три сектори сега недостасуваат. Тоа се Прилеп, Кочани и Гевгелија.

Но, сакам да укажам на колешката Топузова-Каревска дека Владата на Република Македонија, кога го конципирала овој Предлог на закон, во таа Влада имале претставници и Либерално демократската партија. Тогаш можело да се интервенира и она што сега го предлага да биде дел од законот.

Јас го почитувам политичкиот договор што е направем помеѓу релевантните политички партии и тој договор е да не се интервенира сега во деловите на сектори и поради тоа мислам дека не треба сега да се собираат поени од граѓаните и од Прилеп и од Кочани и од Гевгелија, но тоа да го оставиме во наредниот период.

(Пратениците од ДУИ повторно влегоа и тропањето продолжи).

Имаме време од година дена и сега актуелната Влада и министерот за внатрешни работи да проценат дали врз основа на расправата што е водена и по комисии и овде во Парламентот, дали е можно да се предложат одредени измени во делот на секторите. Мислам дека тоа би било поприфатливо решение отколку сега да се надгласуваме, едни да бидат за Прилеп, за Кочани или Гевгелија, а други да бидат против.

Така што во основа, тука треба да го поддржиме концептот, така како што е дефиниран и доставен од Владата на Република Македонија до Парламентот, зборувам барем околу поделбата на сектори, на тетиторијата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Силвана Бонева има збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Мојата реплика...

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, реплика побара Роза Топузова-Каревска, повелете.

Повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Имам контра реплика на почитуваниот колега. Да имаме предвид дека, можеби, тогаш Владата направила и пропуст да го дефинира овој така важен сектор, да биде Сектор за внатрешни работи Прилеп. Меѓутоа, тоа не значи дека Владата немаше да ги земе во предвид забелешките искажани на Комисијата за политички систем и на пленарната седница од поголем број на пратеници кои тогаш доаѓаа од Прилеп, без разлика дали тогаш припаѓаа на парламентарното мнозинство или на опозицијата, односно пратеници на партијата ВМРО-Народна. Тоа можеби Владата ќе ги земеше во предвид забелешките и ќе интервенираше во оваа насока.

Ништо не е еднаш дадено за секогаш. Особено е затоа првото читање на текстот. Затоа имаме две фази, за да можеме ние, пратениците да укажеме на она што Владата не го направила, а потоа да се интервенира во таа насока. Апсолутно ја сметам, напротив, мојата заложба декларативна, туку неподобна забелешката на репликата на почитуваниот господин Павле Трајанов. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Силвана Бонева има збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Сакам да и укажам на колешката Топузова-Каревска дека мојот став по однос на Секторот за внатрешни работи Прилеп е непроменет. Но, во моментот за Република Македонија, заради нас самите е важно да го исполниме барањето поставено од Европската унија, а тоа е што побрзо да се донесе Законот за полиција за да може Република Македонија да добие позитивно мислење.

Добро е за Република Македонија да имаме што поголем консензус во овој момент за Законот за полицијата. Па, токму од тие причини, парламентарното мнозинство го прифати законот што во најголем дел е текст што го подготви парламентарното мнозинство од претходниот состав на Парламентот. Тоа значи парламентарното мнозинство во кое што учествуваше и госпоѓата Топузова Каревска.

Во интерес на државата е да се обезбеди што поголема поддршка на законот, па затоа нашата Влада го прифати вашиот Предлог почитувана колешке за поделба на секторите за внатрешни работи на осум. Лицемерно е кога опозицијата се залага за Сектор за внатрешни работи Прилеп, тоа го правеше претходно и колешката од Струмица, а од друга страна пак, како услов за прифаќање на законот е вашето укажување како опозиција дека не смее да има промени во законскиот текст, посебно во делот каде што се утврдени осумте сектори за внатрешни работи.

Инаку, ако се допре тој дел, секторите за внатрешни работи, од ваша страна беше кажано, од страна на најголемата опозициска партија со која што сте во коалиција, дека нема да биде прифатен Предлогот на закон за полиција.

Значи, има период од една година додека да стапи законот во сила. До тогаш сите пратенички групи можат да ги искажат своите размислувања по однос на одредени законски решенија во законот, вклучувајќи ја тука и вашата пратеничка група и пратеничката група на ДУИ и да направиме, за период од една година, законски текст што ќе биде во интерес на сите граѓани на Република Македонија, а не само на политичките партии.

Заради тоа, овој законски текст, онака како што е предложен од вашето парламентарно мнозинство, во најголем дел е предложен од Владата на Република Македонија и апелирам да биде поддржан за да може Република Македонија да добие позитивен одговор од Европската комисија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Топузова Каревска.

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам претседателе.

Не знам дали ова беше збор или реплика на почитуваната колешка Силвана Бонева, но со оглед на должината што траеше, сметам дека се работи за збор, така што ќе го искористам моето право за реплика, и покрај тоа што навистина е многу тешко да се работи во овие услови. Но, во овој момент сакам да им искажам и благодарност на колегите од претходниот состав на ДПМНЕ што не подготвија да работија и во вакви услови затоа што имавме во неколку наврати ваква ситуација. Значи, имаме веќе искуство и можеме да продолжиме со работата.

Јас не се посомневав колешке Бонева во вашиот став и никаде не го искажав тоа. Реков, изразив одредено сомневање во авторитетот што го имате, но тоа не е толку важно во овој момент.

Да, точно, Либерално-демократската партија немаше да прави измени, но се работеше во насока на тоа да има сектор во Струга затоа што имавме образложение зошто не треба да има сектор за внатрешни работи во Струга.

А тоа дека го имате овој текст што е подготвен од претходната Влада сакам да напомнам дека тоа беше само прва фаза и прво читање на текстот. Што значи дека токму затоа имаме и два фази и токму заради тоа беше кажано во сите дискусии, од сите, напомнувам од парламентарното мнозинство или тогашната опозиција дека е добро што овој закон оди во две фази за да можат да се земат во предвид забелешките на пратениците, секако, вклучувајќи ги и оние од тогашното парламентарно мнозинство.

Значи, не се работи за никакво лицемерие, туку се работи за она што треба ние пратениците и имаме должност да го работиме, односно да се залагаме за правата на граѓаните што ги застапуваме. Апсолутно сметам дека е неумесна вашата забелешка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има Герамитчиоски Тале.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Безбедносната состојба во Прилеп е страшно нарушена. Секојдневно јавноста е нем сведок за работи што се случуваат. Да се понесе одговорноста е задача на парламентарното мнозинство. Тоа што во минатото, во старата варијанта постоеле осум сектори, не значи дека тогашното парламентарно мнозинство немало да интервенира и немало да побара нов сектор за внатрешни работи. Да не се задскриваме зад старите варијанти.

Реалноста сега е навистина сурова и навистина бара итна интервенција заради зголемување на ефикасноста и намалување на рапидното зголемување на криминалитетот што во Прилеп и прилепската општина е евидентно присутен.

Мојот амандман не се усвои. Ова е водоизменета форма на амандманмот што јас и колешката Цветанка Иванова претходно го донесовме. Ако мислите добро на Прилеп, на граѓаните на Прилеп бидејќи навистина нивната трпеливост е пред крај, јас апелирам до парламентарното мнозинство да го изгласа овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, воопшто не се задскриваме зад старите варијанти. Ваше ново барање за да се усвои законот за полиција е да не се менуваат осумте сектори за внатрешни работи што веќе се утврдени во Предлогот на закон за полиција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандамнот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 15, воздржано 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 став 3 точка 2 и за додавање нова точка 9 по точката 8 поднесен од пратеникот Роза Топузова - Каревска.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3 точките 2 и 8 и за додавање нови точки 9 и 10 по точката 8 поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Амандманот што го поднесов всушност е на идентична тема и станува збор за Секторот за внатрешни работи Прилеп, со седиште во Прилеп и Сектор за внатрешни работи во Кочани со седиште во Кочани.

Бидејќи беа кажани многу аргументи за постоење на Секторот за внатрешни работи во Прилеп, јас накратко ќе се осврнам на она што сметам дека е од исклучителна важност.

Прво, тоа што пртениците на ВМРО-Народна партија во изминатиот период безусловно и безрезервно го застапуваа овој став на ВМРО-Народна партија дека во Прилеп треба да постои Сектор за внатрешни работи. Минатата влада сакајќи или несакајќи, повеќе ми се чини сакајќи, значи Владата на СДСМ и ДУИ, кои во моментов не ни дозволуваат да работиме во нормални услови од Прилеп, простете на вулгарноста, но ќе бидам така отворена како што луѓето во Прилеп велат, се обидоа да направат Паланка, односно од град да направат село.

Во Прилеп живеат околу 70.000 луѓе и на Прилеп му е ускратено се. Се е префрлено во Битола: Касарната, Здравствениот дом и се она што значи живот во градот. Ако Прилеп се сведе само на полициска станица, верувам дека проблемите што ги имаат граѓаните ќе бидат значајно зголемени од едноставна причина што од државните институции, пред извесен период ни беше соопштено дека криминалитетот во Прилеп е зголемен и дека во еден период во Прилеп се случуваат во две убиства неделно. Значи не е демагогија и воопшто не е прашање на собирање на политички поени, но сметаме како партија во континуитет од минатиот состав и овој состав, дека овој сектор е неопходно потртебен не само во Прилеп туку и во Кочани.

Не се вклучив во дискусијата на почитуваните колеги по повод амандманот на госпоѓа Топузовска од едноставна причина што и ВМРО Народна партија има ист амандман, но не можам да пропуштам да не прокоментирам нешто во врска со политичкиот договор и законот за полиција.

Како што веќе еднаш кажав несомнено дека законот за полиција е од исклучителна важност за нашата држава, дека претставува еден од условите за приближување кон Европската унија, но неоспорен факт е и тоа Македонската јавност го знае, а и сите членови на Парламентот кои седат овде дека законот не беше донесен во минатиот мандат од едноставна причина што немаше политички консензус по однос на структурата на секторите и дека тоа е основната причина поради која ДУИ во моментот го прави ова што го прави.

Одговорност е и на претходната Влада што не успеа да го направи тој политички консензус за кој пред изборите постојано зборуваше, а не убедуваше дека прави се што треба да стори, но сега сметам дека претставниците на политичките партии, вклучувајќи ги и ДУИ треба да имаат разбирање и да бидат конструктивни во однос на потребата на државата.

Бидејќи претседателот на Парламентот повеќе пати укажа на тоа колку е значаен датумот на донесување на овој закон и колку тоа ќе влијае за Република Македонија во однос на оние кои не мониторираат, сметам дека сите претставници на сите политички партии треба да покажат малку конструктивност.

Да заклучам, несомнено е дека треба да има сектор во Прилеп, со оглед на тоа дека министерката го одбива овој амандман, претпоставувам и очекувам од сегашното парламентарно мнозинство и од Владата на оваа држава во периодот од следната година сериозно да поразмисли за формирањето на сектори во Прилеп и формирањето на сектор во Кочани и како партија целиот овој период од една година до стапување на законот на сила постојано ќе бараме од Владата и од министерката да размисли да направи ревизија на овој закон и сериозно со многу голема сериозност повторно велам да поразмисли за овој амандман кој е идентичен со претходните два амандмани. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника од кои за гласале 9, воздржани 2, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнот на член 20 став 3 точки 2 и 8 и за додавање две нови точки 9 и 10 по точката 8, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3 точка 8, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкулоска:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата го прафаќа амандманот, овој амандман станува составен дел од Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3 точка 8 за додавање нова точка 8-а по точката 8, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкулоска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Влаатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Сакам да го образложам амандманот кој е поднесен од моја страна, а тој амандман гласи во членот 20 по став 3 во точка 8 зборовите: "Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево и Чешиново-Облешево" се бришат и се додава нова точка 8-а која ќе гласи: "Сектор за внатрешни работи Кочани со седиште во Кочани во кој ќе бидат опфатени општините Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Македонска Каменица, Пехчево и Чешиново-Облешево".

Водејќи се од фактот и имајќи во предвид дека секторите за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба треба да се потенцира дека општините Кочани, Берово, Делчево, Виница, Македонска Каменица, Зрновци, Пехчево и Чешиново-Облешево претставуваат посебно територијално подрачје.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Влатко Серафимов:** Не сум завршил претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжете.

**Влатко Серафимов:** Можеби сакате да завршам побргу, меѓутоа, имаме аргументи достојни за да ги сослушате и вие од позиција од аспект на позиција, бидејќи во овој Парламент седат луѓе кои се избрани од Изборна единица број 3 кои биле носители во Изборна единица број 3 и кои во кампањата го злоупотребуваа и често пати условуваа дека доколку Кочани не биде сектор за внатрешни работи дури ќе си дадат оставка од функцијата пратеник.

Затоа сметам дека имам право да дадам едно образложение во кое ќе бидат изнесени аргументи.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Влатко Серафимов:** Според критериумите сметам дека СВР Кочани ги исполнува сите критериуми кои се потребни за функционирање на еден регионален центар, што може да се види и со овие показатели.

За таквата констатација во споредба со некои други сектори кои Владата на Република Македонија ги има ставено како сектори, сакам да ви потенцирам дека се земени неколку критериуми. Вкупната површина на подрачјето, бројот на населението, патната мрежа со целокупната инфраструктура, густината на криминалитетот и други безбедносни појави, криминална географија, ефикасност на службата, кадровска пополнетост со специјализирани кадри и материјално-техничките услови.

Со цел за добивање целокупна слика на наведеното ќе ги презентирам следните показатели.

СВР Кочани преку своите служби ги извршува работните задачи на територија од 2462 км$^2$ на која живеат 122.299 жители од кои само во Кочани живеат 48.846 жители.

СВР Кочани ги опфаќа и ОВР Делчево, Берово, Виница, односно осум населени места. За илустрација СВР Штип покрива територија само 1371 км$^2$ на која живеат 83.070 жители.

Карактеристично е за подрачјето што во последните неколку години се зголемува бројот на населението во Кочани и Делчево.

Имајќи го предвид фактот дека во последно време се формираат и мешовити фирмим помеѓу македонско-бугарски компании кои работат на ова подрачје ги покрива општина Кочани. Ова го кажуваме се со цел за спречување на потенцијалните криминални однесувања кои би се вршеле во поголем дел на границата спрема Република Бугарија.

Напред наведените показатели покажуваат дека на подрачјето постојат големи можности за вршење на криминални активности од страна на потенцијални извршители на кривични дела особено во областа на организираниот криминалитет, недозволената трговија со дрога и оружје како и останатите имотни деликти.

Од досегашните активности особено во текот на последните години се покажува дека густината на криминалитетот и другите безбедносни појави бележат тренд на растење за кое е потребна квалитетна организација на полицијата која би можела благовремено да одговори во спротивставувањето на криминалитетот на овој простор.

Со досегашната организација на полиција СВР Кочани пружаше квалитетно решавање на сите

безбедносни проблеми особено навремено откривање и спречување на криминалитетот, што може да се види и од неколку последователни показатели.

Порастот на откривање на кривичните дела во областа на економскиот криминалитет во СВР Кочани е зголемен. Во областа на организираниот криминал во СВР Кочани има откриено повеќе од десетина кривични дела. Од областа на недозволената трговија со дрога откриени се исто така голем број кривични дела што е карактеристично за СВР Кочани има поднесено кривични пријави против сите стечајни управници кои ги водеа стечајните постапки во кочанските фирми како и постапката против двајца судии кои имаат судска завршница.

Од напред наведените показатели укажуваат дека е неминовно потребна организираност и планско делување во решавањето, откривањето и попречувањето на криминалитетот со поголем број квалитетни линиски извршители, раководена, координирана и откривачка активност од еден центар во Кочани, односно како што беше и до сега.

Ако кон сето ова се додадат и постојаните оперативни податоци и анализи кои укажуваат на организирана група за вршење на организиран криминал и нивните правци на делување кои се во границите на подрачјето што сега го покрива СВР Кочани може да се заклучи дека Кочани како регионален центар квалитетно би ги решавал проблемите од безбедносен аспект.

Според сегашните ваши планирања односно на работната група за реформи во полицијата и на Владата на Република Македонија која има зацртано систематизациска смисла во општина Кочани да биде формирана полициска станица сметаме дека по ниту еден параметар таквата полициска станица не може да ги решава проблемите во борба против криминалитетот во експанзија со неколку деташирани припадници на крим полицијата кои би требало да покриваат подрачје со над 50 илјади жители.

Исто така сакам да укажам и на едно од основните начела на функционирањето на администрацијата, а тоа е начелото на економичност. Доколку се анализира географската поврзаност и оддалеченост на СВР Штип од најоддалечените полициски станици е повеќе од 100 км. Сметам дека со основање на уште еден сектор во Кочани таа економична оправданост ќе биде уште поголема затоа што оддалеченоста од најоддалечената полициска станица ќе биде некаде околу 60 км.

Затоа апелирам до сите пратеници и од опозицијата и од позицијата да го поддржат овој амандман се со цел да имаме намалување на криминалитетот во источниот дел на Република Македонија, а бидејќи ваквата поставеност и имајќи го фактот дека целата концентрација на сите извршни органи како што е Царината, Управата за јавни приходи и полицијата се сконцентрирани во Штип, сметам дека и со секторот во Штип како полициска станица во Кочани ќе имаме уште еден мотив кој ќе придонесе за зголемување на организираниот криминал во тој дел од Република Македонија.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам накратко да го искажам и мојот став по однос на тоа што не наведе да го поднесеме овој амандман, како и во случајот со Прилеп, така и за Кочани, тоа се амандмани кои со и во поранешниот состав го имаме поднесено и ние како СДСМ.

Имајќи предвид дека секторите за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците и значењето на патните правци и географската положба на општините во секторот кој што го зафаќаат, мислам дека во овој случај за формирањето на секторот во Штип не се запазени овие критериуми и сметаме дека неправедно е укинат секторот во Кочани.

Имајќи предвид дека зафаќа многу голема територија по површина и бројот на населението кој што е во овој регион, сметаме дека апсолутно, нема да биде секторот ефикасен, доколку работи во Штип, бидејќи на тоа укажуваат и бројот на кривичните дела и на прекршоците и географската поставеност која што ја имаат овие општини.

Токму заради тоа предложивме со овој амандман да се формира нов сектор со седиште во Кочани кој што ќе ги врши работите во општините Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Македонска Каменица, Пехчево, Чешиново-Облешево и Кочани и на тој начин ќе се овозможи да бидеме поефикасни и да ја спроведат определбата и на Владата и на сите нас овде за намалување на криминалитетот и за воспоставување на нормални услови на функционирање воопшто на јавниот ред и мир на оваа територија.

Од тие причини, сакам да апелирам до совеста на пратениците од парламентарното мнозинство, иако тоа на дело не го покажаа за Прилеп иако имаше потреба за тоа. Да го прифатиме овој амандман секторот за внатрешни работи да се формира и во Кочани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Ратко Димитровски.

**Ратко Димитровски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги,

Се соочуваме со една малку непријатна ситуација во едни услови за работење кои што се на границата на нормалноста и со соочуваме со прикажување на една демагогија која што ни е приложена во овој случај на едно прикажување на поинакви работи од она што е предложено од поранешната Влада.

Имено, за што се работи? Нема бегање од фактите кои што се образложени во периодот на овој амандман. Меѓутоа, треба да го имаме она што е предложено од сегашната Влада како предлог дека ние мораме да го усвоиме овој закон за да добиеме позитивна оценка од Комисијата која што ќе не оценува во наредниот период.

Исто така, треба да има предвид оваа наша Влада во периодот кој што следува, ние ќе имаме можност да ги разгледаме овие аргументи и да бидат прифатени и како што следува Кочани да го добие секторот за внатрешни работи, за тоа што јас ќе додадам, претходниот дискутанти не го додадоа. На овој регион се наоѓа и граничната полиција Сектор Исток, која што исто така треба да се има предвид дека е доста оддалечена од сегашниот сектор Штип. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Во интерес на вистината пратениците од Кочани кои што беа во претходниот состав и од страна на ВМРО - ДПМНЕ и од СДСМ се залагаа Кочани да биде сектор.

(Цело време продолжува удирањето со предмети по површина на работната маса на претседателот што предизвикува врева во салата.)

Можеби, тое е една од причините како овој закон беше закочен, се со цел Кочани да добие сектор кој што ќе допринесе за поуспешно справување со криминалитетот во источниот дел на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Силвана Бонева нека повели.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, и јас ќе кажам дека демагошки е вашиот настап за формирање на нов сектор за внатрешни работи во Кочани, бидејќи од една страна како опозициска партија барате како услов за поддршка на законот за полиција од ваша страна да биде неменувањето на утврдените сектори за внатрешни работи кои што се осум на број. А, од друга страна пак, барате да се кршат критериумите по кои што вие ги имате утврдено осумте сектори и на тој начин го уценувате парламентарното мнозинство дека ем треба да ги почитува критериумите кои што вие ги утврдивте и осумте сектори, а од друга страна треба да ги усвојува амандманите што значат газење на тие критериуми. Значи, ве молам да се престане веќе со демагошки настапи, бидејќи јасно е утврдено помеѓу најголемата политичка партија од опозицијата и парламентарното мнозинство дека законот ќе биде гласан само доколку не се менуваат осумте сектори за внатрешни работи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам, пред да ве повикам да гласаме, секој да притисне копче на системот на гласање за да го видиме бројот на присутни во салата.

Се извинувам, пред тоа пратеникот Серафимов Влатко има контра реплика. Почнуваме да губиме кондиција.

**Влатко Серафимов:** Сметам, почитувана госпоѓа Бонева, дека изнесените факти не се демагогија туку тоа се факти на вистината. Сигурно имате и вие податоци кои што ги приложив во претходното мое излагање и сметам дека Кочани заслужува да биде сектор. Истото тоа го потврди и пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ господинот Ратко Димитровски и сметам дека паушално е да кажувате дека шириме демагогија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам секој да притисне копче на системот на гласање за да го видиме бројот на присутни во салата.

Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 19 пратеници, воздржани нема, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 став 3 точка 8 и за додавање нова точка 8-а по точката 8, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Оливер Спасовски.

Пратеникот Ружди Матоши има збор процедурално. Повелете.

**Ружди Матоши:** Господине претседателе, бидејќи уште малку доаѓа времето за ифтар, нашата парламентарна група до 19,00 часот да имаме пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Не добивам превод. Молам превод да добијам.

**Ружди Матоши:** Господине претседателе, нашата парламентарна група предлага пауза до 19,00 часот и предлагаме да работиме до 21,00 часот. Значи предлагам да имаме пауза до 19,00 часот,а да продолжиме со работа до 21,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** За жал, не разбрав ништо. За жал не добив никаков превод. За што се работеше?

**Ружди Матоши:** Значи бараме пауза во 19,00 часот, а ќе продолжиме да работиме до 21,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Јас сум тотално исцрпен.

Бидејќи јас сум тотално исцрпен, од една страна, и од друга страна, бидејќи мислам луѓето со право, припадниците на исламската вероисповест бараат прекин на седницата за ифтар и како трето, мислам дека во овие околности нема да бидеме особено многу продуктивни, главната причина која ја истакнувам сега е да прекинеме и утре во 10,00 часот наместо во 11,00 часот да започнеме, е навистина мојата физичка кондиција. Јас едвај мислам, едвај стојам, подобро да се одмориме сите. Атмосферата беше пеколна. Не сакам да отворам дискусии зошто, но

еве утре ќе работиме наместо од 11,00 од 10,00 часот и ако работиме рационално, ако секоја пратеничка група не бара паузи итн, мислам дека во рамките на утрешниот ден можеме огромна работа да завршиме. Ве молам да ме разберете.

Значи утре го закажуваме продолжението на седницата во 10,00 часот.

Ви благодарам на вниманието и соработката.

(Седницата прекина во 17,30 часот)